ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2018 ГОДИНА НА

# ВМРО - ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО - ВМРО-ДПМНЕ СМЕТКАТА ЗА РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ

01 2019 04 02

**Скопје, март 2020 година**

## С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 9 |
| Финансиски извештаи за 2018 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 10 |
| Биланс на состојба | 11 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 12 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 13 - 17 |
| - Сметководствени политики | 17 - 19 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 19 - 28 |
| Прилог 1 – Преглед на резултатите од спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на следење на препораките | |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:10-232/3
Датум:13.03.2020

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ (во натамошниот текст ВМРО - ДПМНЕ) за 2018 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2018 година, изразивме мислење со резерва како во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи, така и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија на спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на услогласеност, број 09-415/5 од 22.05.2018 година, за 2016 година на ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ.

Со оваа ревизија беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на следење на препораките.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2018 година, констатиравме дека дел од вредноста на градежните објекти за кои е поведена постапка пред надлежен орган не е евидентирана во деловните книги на ВМРО-ДПМНЕ.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се состојби во врска со неизмирени обврски спрема добавувачите, кои во значителен дел потекнуваат од минати години.
Ревизијата истакнува постоење на системски слабости кои влијаат на работењето на субјектот, а за нивно надминување надлежни се други институции и тоа:

- не се пропишани конкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени и во однос на нивното евидентирање;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти за начинот на водење на сметководството на непрофитните организации;
- поконкретно не е регулиран начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање на политичките партии, како и на начинот на пренос на средствата од членарина од сметката за редовно работење на сметката за соодветна изборна кампања;
- потребно да се изврши усогласување односно допрецизирање на регулативата, заради воедначено искажување на сите извори на финансирање на политичките партии во финансиските извештаи.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ на сметката за редовно работење, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија на спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на услогласеност, број 09-415/5 од 22.05.2018 година, за 2016 година на ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ на сметката за редовно работење, при што е утврдено дека од шест препораки дадени во Конечниот извештај, две препораки се спроведени целосно, две препораки се спроведени делумно, една препораки не е спроведена, додека спроведувањето на една препорака е во тек.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапуван од:
- д-р Христијан Мицковски, претседател на ВМРО – ДПМНЕ.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални

аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 15.11.2019 до 31.12.2019 година кај ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на следење на препораките, при што е утврдено дека сите препораки се спроведени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на ден 09.01.2020година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 10-232/1 од 03.02.2020 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Финансиски извештаи

4.1.1. Во деловните книги на ВМРО-ДПМЕ на ден 31.12.2018 година евидентирани се градежни објекти со вкупна набавна вредност во износ од 1.127.937 илјади денари, кои се однесуваат на недвижен имот сопственост на партијата. Во текот на месец октомври 2018 година од страна на надлежните органи поведена е судска постапка, со која на ВМРО-ДПМНЕ му се забранува дел од недвижниот имот да го оттуѓува, става под хипотека и располага со давање под закуп, се до завршување на постапката пред надлежниот орган. Наведената состојба не е евидентирана во деловните книги на ВМРО-ДПМНЕ, согласно Законот за сметководството на непрофитните организации, што може да има влијание врз податоците на материјалните средства искажани во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Одговорните лица на ВМРО-ДПМНЕ да преземат мерки и активности за соодветно евидентирање на недвижниот имот, по завршување на постапката пред надлежните органи.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, освен за можните ефекти на прашањата изнесени во точката 4.1. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство-ВМРО-ДПМНЕ на ден 31 декември 2018 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство-ВМРО-ДПМНЕ, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Ревизијата има обврска да обелодени дека значителен дел од искажаните обврски спрема добавувачите по основ на промет на стоки и услуги, се пренесени салда од минати години, без значајни промени во состојбите во текот на 2018 година.

Со извршениот увид и анализа на документацијата која беше доставена во текот на ревизијата и добиените појаснувања од субјектот, утврдивме дека ВМРО-ДПМНЕ во своите деловни книги на ден 31.12.2018 година има искажано неизмирени обврски спрема добавувачи во вкупен износ од 307.354 илјади денари. Со спроведениот попис на обврските за 2018 година утврден е правниот основ на истите, нивната старосна структура како и причините за нивното неизмирување, при што е констатирано дека 53,84% од вкупните обврски се постари од три години, за кои не е даден предлог за нивно постапување/отпис, додека остатокот од 46,16% не се постари од три години.

Заради надминување на ваквата состојба и подмирување на обврските, одговорното лице на ВМРО-ДПМНЕ во текот на 2018 и 2019 година има склучено договори/спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски и плаќање на

рати со 6 добавувачи во вкупен износ од 146.117 илјади денари врз основа на кои во текот на 2018 година исплатени се 13.091 илјади денари. Од страна на одговорните лица ни беше посочено дека причина за неизмирување на обврските е проблемот со ликвидноста на партијата со која се соочува во период од повеќе години наназад.

6.2. Овластениот државен ревизор во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ВМРО-ДПМНЕ за 2016 година обелодени состојба која се однесува на евидентирани 271 уметнички слики во вкупен износ од 23.629 илјади денари, врз основа на склучен договор со странско лице, за кои не биле доставени фактури од авторот на сликите, иако согласно склучениот договор обврзувачко било истите да се доставаат заклучно до 30.06.2017 година врз основа на кои и би се извршило плаќањето.
Врз основа на сознанијата добиени од одговорните лица на ВМРО-ДПМНЕ, бевме информирани дека и покрај направените заложби од нивна страна за воспоставување на комуникација со странското лице, истата не била остварена, поради што и до денот на известување од извршената ревизија состојбата е непроменета, односно не е доставена фактура врз основа на која би се извршило плаќањето.

6.3. Во текот на ревизијата од страна на одговорните лица во ВМРО-ДПМНЕ прифатени и спроведени се корекции кои предизвикуваат намалување на активата и пасивата во износ од 1.712 илјади денари и тоа по основ на извршени корекции за помалку искажана амортизација на материјални средства. Корекциите се извршени со налог за книжење број 4 од 02.01.2019 година.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации[1] признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, што значи дека приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост.
Согласно наведениот член, приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно и постапувањето при евидентирањето на истите кај политичките партии е еднообразно, додека под критериумот расположливост на приходите во пресметковниот период се подразбира дека приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

[1] „Службен весник на Република Македонија" број 24/2003, 17/2011 и 154/15

Поради наведените алтернативни критериуми (сврзникот „или„), ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да донесат поконкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, како и во однос на нивното евидентирање или да се преземат мерки за законско доуредување.

7.2. Согласно дел IV Признавање на приходите и расходите, во член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации, наведено е дека признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, без притоа да се наведе што подразбира поимот вкупни приходи односно дали приходите ги опфаќаат само наплатените приходи остварени по видови и извори, имајќи во предвид дека политичките партии, покрај останатите извори се финансираат и од донации, подароци, прилози, материјални средства, опрема утврдени во член 27 од Законот за финансирање на политичките партии, кои не секогаш предизвикуваат приливи во парични средства.
Ревизијата смета дека е потребно да се изврши усогласување односно допрецизирање на регулативата, заради воедначено искажување на сите извори на финансирање на политичките партии во деловните книги и финансиските извештаи.

7.3. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во член 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации и член 18 од Правилникот за сметководството за непрофитните организации[2] уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции". Врз основа на наведените закони, донесени се подзаконски акти за унифицирано воспоставување на сметководствената евиденција кај непрофитните организации и билансни обрасци:

- Правилник за сметковниот план и билансите на непрофитните организации[3] и
- Правилник за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации[4] .

Во наведените правилници, пропишани се сметки и позиции кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни

[2] „Службен весник на Република Македонија„ број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011;
[3] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/2005, 11/2006;
[4] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/2005;

позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа”.

За надминување на утврдената состојба, надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе се обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции”.

7.4. Согласно членот 13 од Законот за финансирање на политичките партии, членарината е предвидена како дел од приватни извори на финансирање на политичките партии. Членарината претставува редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата, кој износ поединечно по член, согласно член 14 од истиот закон, за период од една година не смее да биде повисок од една просечна исплатена нето плата во РМ објавена од Државниот завод за Статистика. Приходите од членарина кај дел од партиите, се регулирани со интерни акти каде се пропишани висината на членарината, начинот на плаќање и уплата, како и начинот на нивното евидентирање, кои се разликуваат кај одделните партии.

Заради воедначено постапување кај сите политички субјекти, ревизијата смета дека е потребно надлежните органи да донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на плаќање, уплата, евидентирање на членарината, со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно.

## ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 ГОДИНА

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2018** | **2017** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од продажба на производи, стоки и услуги | 3.1.1. | 5,829 | 1 |
| Приходи од камата и позитивни курсни разлики | 3.1.2. | 196 | 1 |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 3.1.3. | 106,091 | 168,338 |
| Приходи од кирии и закупнини | 3.1.4. | 738 | 740 |
| Други приходи | 3.1.5. | 564 | - |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходната година | 3.1.6. | 1,345 | 5,859 |
| **Вкупно приходи** | | **114,763** | **174,939** |
| **Расходи** | | | |
| Материјални расходи, услуги, амортизација | 3.2.1. | 24,811 | 21,670 |
| Други расходи | 3.2.2. | 61,312 | 42,331 |
| Пренесени средства | 3.2.3. | 9,698 | 83,621 |
| Капитални и други средства | 3.2.4. | 1,100 | 17,149 |
| Помошти, дотации и други давачки | 3.2.5. | 66 | 29 |
| Плати и надоместоци на плати | 3.2.6. | 4,376 | 3,584 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 3.2.7. | 111 | 4,870 |
| **Вкупно расходи** | | **101,474** | **173,254** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **13,289** | **1,685** |

ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и АВР** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 12,976 | 1,345 |
| Побарувања купувачи | 4.1.2. | - | 1,388 |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 4.1.3. | 1,754 | 1,665 |
| Други краткорочни побарувања | 4.1.4. | - | 1 |
| Побарувања за повеќе платени даноци и придонеси | 4.1.5. | - | 10 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 477,169 | 499,979 |
| **Вкупно тековни средства** | | **491,899** | **504,388** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 1,184,537 | 1,184,354 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1,184,537** | **1,184,354** |
| | | | |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **1,676,436** | **1,688,742** |
| **Вонбилансна актива** | 4.3. | **3,057** | **3,057** |
| **Пасива** | | | |
| **Краторочни обврски и ПВР** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 307,354 | 322,551 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.4.2. | 3,767 | 2,659 |
| Обврски за плати | 4.4.3. | 460 | 1,120 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.4. | 14,455 | 4,408 |
| **Вкупно краткорочни обврски и ПВР** | | **326,036** | **330,738** |
| | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 1,182,473 | 1,182,290 |
| Ревалоризациона резерва | 4.5.2. | 2,064 | 2,064 |
| Долгорочни обврски | 4.5.3. | 165,863 | 173,650 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1,350,400** | **1,358,004** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **1,676,436** | **1,688,742** |
| **Вонбилансна пасива** | 4.6. | **3,057** | **3,057** |

ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2018 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Деловен фонд** | **Ревалоризациона резерва** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2018 година | **1,182,290** | **2,064** | **1,184,354** |
| **Зголемување по основ на:** | **27,993** | - | **27,993** |
| Набавки во текот на годината | 1,932 | - | **1,932** |
| Евидентирање на неевидентирани два градежни објекти | 25,890 | - | **25,890** |
| Амортизација - продажба на деловен објект | 171 | - | **171** |
| **Намалување по основ на:** | **27,810** | - | **27,810** |
| Отпис на средства по попис 2018 | 101 | - | **101** |
| Амортизација | 21,784 | - | **21,784** |
| Амортизација по отпис на средства по попис 2018 | 37 | - | **37** |
| Корекции по ревизија | 1,712 | - | **1,712** |
| Докнижување на амортизација | (589) | - | **(589)** |
| Продажба на деловен објект | 4,765 | - | **4,765** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2018 година** | **1,182,473** | **2,064** | **1,184,537** |